Врз основа на член 171 од Законот за трговски друштва лицата МАРИНА НОВИЧИЌ од Скопје, Бул.Јане Сандански бр.50/3-5, МАРЈАН БОЈАЏИЕВ од Скопје, ул.Стрезово бр.14, ВЛАДИМИР ИЛИЕВ од Скопје, ул.Владимир Комаров бр.20/38 и Друштво за производство,трговија и услуги ПРОТЕКТ М ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. 8 бр.12 Визбегово, застапувано од управителот Едмонд Крлиу од Скопје, ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.24, (во натамошниот текст: содружници) на ден 14.04.2005 година го склучија следниот

# ДОГОВОР
## ЗА ОСНОВАЊЕ ТРГОВСКО ДРУШТВО КАКО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1.**

Друштвото во правниот промет ќе работи како друштво со ограничена одговорност, во натамошниот текст друштво, и ги регулира односите на неговото основање и отпочнување со работа.

**член 2.**

Како содружници на друштвото се јавуваат:

- **МАРИНА НОВИЧИЌ од Скопје, Бул.Јане Сандански бр.50/3-5, со ЕМБГ 1909962455028 и пасош бр.МКД 1762884 издаден од ГУВР Скопје**
- **МАРЈАН БОЈАЏИЕВ од Скопје, ул.Стрезово бр.14, со ЕМБГ 1806967450004 и лк.бр.1391625 издадена од ГУВР Скопје**
- **ВЛАДИМИР ИЛИЕВ од Скопје, ул.Владимир Комаров бр. 20/38, со ЕМБГ 0807964450081 и лк.бр.1160913 издадена од ГУВР Скопје и**
- **Друштво за производство,трговија и услуги ПРОТЕКТ М ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. 8 бр.12 Визбегово, со МБС 5524466**, застапувано од управителот Едмонд Крлиу од Скопје, ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.24, м.б.0406957450063 и л.к. бр. 1469579 издадена од ГУВР Скопје.

### ФИРМА И СЕДИШТЕ

**член 3.**

Во правниот промет фирмата ќе настапува под име:

**Друштво за менаџмент и консалтинг АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО Скопје,**

**Седиштето на друштвото е во Скопје, ул. 3-та Македонска бригада бб**

**Скратен назив на друштвото: АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО Скопје,**

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ**

**член 4.**

**Претежна дејност на друштвото:**

**Други дејности:**

22. - Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медуими
22.1 - Издавачка дејност
22.2 - Печатење и услужниактивности во врска со печатењето
22.3 - Репродукција на снимени медиуми
45 - Градежништво
45.1 - Подготовка на градилиште
45.2 - Изградба на цели објекти или нивни делови: нискоградба
45.3 - Инсталатерски работи
45.4 - Завршни работи
45.5 - Издавање опрема и машини за изградба или уривање, со оператор
50. - Производство, одржување и поправка на моторни возила и моторцикли продажба на мало на моторни горива
50.1 - Продажба на моторни возила
50.2 - Одржување и поправка на моторни возила
50.3 - Продажба на делови и прибор за моторни возила
50.4 - Продажба, одржување и поправка на мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли
50.5 - Продажба на мало на моторни горива
51.- Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли
51.1 - Трговија на големо со надомест или договорна основа
51.2 - Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни
51.3 - Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун
51.4 - Трговија на големо со предмети за домаќинствата
**Освен (51.46Трговија на големо со фарматцевтски производи)**
51.5 - Трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци, освен земјоделски
51.6 - Трговија на големо со машини, опрема и уреди
51.7 - Друга трговија на големо
52. - Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинставата
52.1 - Трговија на мало во неспецијализирани продавници
52.2 - Трговија на мало со храна, пијалаци и тутун во специјализирани продавници
52.3 - Трговија на мало со фарматцевтски, медицински, козметички и тоалетни препарати
**(освен)**
52.31 - Аптека;
52.32 - Трговија на мало со медицински препарати и ортопедски помагала
52.4 - Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници
52.5 - Трговија на мало со половна стока во продавници

52.6 - Трговија на мало вон продавници
52.7 - Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата
67 - Помошни активности во финансиското посредување
67.1 - Помошни активности во финансиското посредување, освен осигурување и пензиски фондови

**Освен (67.11 - Управување со финансискиот пазар; 67.12 - Работење со вредносни хартии и управување со фондовите; 67.20 -Помошни активности во осигурувањето и пензиските фондови)**

70. - Активности во врска со недвижен имот
70.1 - Активности во врска со недвижен имот во своја сопственост
70.2 - Издавање на сопствен недвижен имот
70.3 - Активности во врска со недвижен имот, хонорар или врз база на договор
71. - Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата
71.1 - Изнајмување на автомобили
71.2 - Изнајмување на други копнени сообраќајни средства
71.3 - Изнајмување на други машини и опрема
71.4 - Изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата, неспомнати на друго место
72. - Компјутерски и сродни активности
72.1 - Консултации во врска со хардвер
72.2 - Консултации и понуда на софтвер
72.3 - Обработка на податоци
72.4 - Бази на податоци
72.5 - Одржување и поправка на на канцелариски и сметачки машини и сметачки системи
72.6 - Други компјутерски активности
74 - Други деловни активности
74.1 - Правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите; консултации во врска со данокот,испитување на пазарот и јавното мислење;деловни и менаџмент консултантски активности холдинг

**Освен** (74.11 - Правни работи и
74.15 - Управувачки активности со холдинг компаниите)

74.2 - Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички услуги
74.3 - Техничко испитување и анализа
74.4 - Реклама и пропаганда
74.8 - Разновидни деловни активности, неспомнати на друго место
92 - Рекреативни , спортски, културни и забавни активности
92.5 - Дејност на библиотеките, кинотеките, архивите, музеите и други културни активности
92.6 - Спортски активности

## ДЕЈНОСТИ ВО НАДВОРЕШНО ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

- Надворешна трговија со прехрамбени производи
- Надворешна трговија со непрехрамбени производи
- Посредување и застапување во прометот со стоки и услуги
- Консигнација
- Комисиони работи

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**член 5.**

Друштвото се основа на неопределено време.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО

**член 6.**

Друштвото стекнува својство на правно лице од денот на уписот во трговски регистар.

**член 7.**

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

**член 8.**

За своите обврски друштвото одговара со сиот свој имот.

**член 9.**

За обврските на друштвото содружниците не одговараат.

## ОСНОВНИ ВЛОГОВИ И ОСНОВНА ГЛАВНИНА

**член 10.**

Основната главнина на друштвото изнесува основни средства во **вредност од 1.387.200,оо денари или 22.556 ЕВРА пресметано по среден курс на** НБ на Р.Македонија ( 61.5,оо = 1 ЕВРО ) кои ги вложуваат содружниците и тоа:

**МАРИНА НОВИЧИЌ** од Скопје, Бул.Јане Сандански бр.50/3-5, со ЕМБГ 1909962455028 вложува основни средства во **вредност од 2.255 ЕВРА или 138.700,00 денари.**

| основно средство | Кол | Евра | Денари |
|---|---|---|---|
| **Компјутерски систем AMC PRO**<br>MB:ASUS P4P800 VM, Chipset intel 865PE MCH, ATA 100,Serial ATA, Raid0,1;RAM:512MB DDR/400;<br>HDD: 80 GB SATA; Optical: CDRW Drive; FDD 1,44;VGA:ASUS nVidia V9520 128 MB, Engine:GeForce FX 5200, Magic 8X, memory:128 MB, Tv-out;LAN:integrated10/100 MBps;Sound:integrated 6-ch, S/PDIF; Components:Case,Speakers, Keyboard,Optical Mouse, Pad; **CPU: Intel Pentium 4/3.0GHz/1MB cache; Windows XP Home (Licenced).**<br>Monitor PHILIPS 170B5CS silver 17 "TFT | **2 x 69.360,oo** | **2.255** | **138.700,oo** |

**МАРЈАН БОЈАЏИЕВ** од Скопје, ул.Стрезово бр.14, со ЕМБГ 1806967450004 вложува основни средства во вредност **од 4.512 ЕВРА или 277.500,00 денари.**

| основно средство | Кол | Евра | Денари |
|---|---|---|---|
| **Компјутерски систем AMC PRO**<br>MB:ASUS P4P800 VM, Chipset intel 865PE MCH, ATA 100,Serial ATA, Raid0,1;RAM:512MB DDR/400;<br>HDD: 80 GB SATA; Optical: CDRW Drive; FDD 1,44;VGA:ASUS nVidia V9520 128 MB, Engine:GeForce FX 5200, Magic 8X, memory:128 MB, Tv-out;LAN:integrated10/100 MBps;Sound:integrated 6-ch, S/PDIF; Components:Case,Speakers, Keyboard,Optical Mouse, Pad; **CPU: Intel Pentium 4/3.0GHz/1MB cache; Windows XP Home (Licenced).**<br>Monitor PHILIPS 170B5CS silver 17 "TFT | **4 x69.360,oo** | **4.512** | **277.500,oo** |

**ВЛАДИМИР ИЛИЕВ** од Скопје, ул.Владимир Комаров бр.20/38 со ЕМБГ 0807964450081 вложува основни средства во вредност **од 2.255 ЕВРА или 138.700,00 денари.**

| основно средство | Кол | Евра | Денари |
|---|---|---|---|
| **Компјутерски систем AMC PRO** MB:ASUS P4P800 VM, Chipset intel 865PE MCH, ATA 100,Serial ATA, Raid0,1;RAM:512MB DDR/400; HDD: 80 GB SATA; Optical: CDRW Drive; FDD 1,44;VGA:ASUS nVidia V9520 128 MB, Engine:GeForce FX 5200, Magic 8X, memory:128 MB, Tv-out;LAN:integrated10/100 MBps;Sound:integrated 6-ch, S/PDIF; Components:Case,Speakers, Keyboard,Optical Mouse, Pad; **CPU: Intel Pentium 4/3.0GHz/1MB cache; Windows XP Home (Licenced).** Monitor PHILIPS 170B5CS silver 17 "TFT | **2 x 69.360,oo** | **2.255** | **138.700,oo** |

**ПРОТЕКТ М ДООЕЛ** ул. 8 бр.12 Визбегово, застапувано од управителот Едмонд Крлиу од Скопје, ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.24, вложува основни средства во вредност **од 13.534 ЕВРА или 832.300,00 денари.**

| основно средство | Кол | Евра | Денари |
|---|---|---|---|
| **Компјутерски систем AMC PRO** MB:ASUS P4P800 VM, Chipset intel 865PE MCH, ATA 100,Serial ATA, Raid0,1;RAM:512MB DDR/400; HDD: 80 GB SATA; Optical: CDRW Drive; FDD 1,44;VGA:ASUS nVidia V9520 128 MB, Engine:GeForce FX 5200, Magic 8X, memory:128 MB, Tv-out;LAN:integrated10/100 MBps;Sound:integrated 6-ch, S/PDIF; Components:Case,Speakers, Keyboard,Optical Mouse, Pad; **CPU: Intel Pentium 4/3.0GHz/1MB cache; Windows XP Home (Licenced).** Monitor PHILIPS 170B5CS silver 17 "TFT | **12 x 69.360,oo** | **13.534** | **832.300,oo** |

**член 11.**

Основната главнина на друштвото може да се зголеми со одлука на содружниците.

Зголемената основна главнина може да се покрие со преземање нови основни влогови, од страна на содружниците сразмерно на дотогаш преземените основни влогови.

**член 12.**

Управителот со препорачани писма им нуди на содружниците преземање на основните влогови.

Доколку содружниците во рок од 30 дена од денот на доставување на писмото не го превземат основниот влог, управителот по свој избор, а во интерес на друштвото, ќе ги понуди на лица кои не се содружници во друштвото.

**член 13.**

Уделот се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар.

**член 14.**

Основната главнина може да се намали со одлука на содружниците, но не под 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.

Во одлуката за намалување се определува обемот и целта на намалувањето.

## РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ

**член 15.**

**Добивката на друштвото ќе се распределува 60% за содружникот ПРОТЕКТ М ДООЕЛ Скопје, 10% за содружникот МАРИНА НОВИЧИЌ од Скопје, Бул.Јане Сандански бр.50/3-5, 10% за содружникот ВЛАДИМИР ИЛИЕВ од Скопје, ул.Владимир Комаров бр.20/38 и 20% за содружникот МАРЈАН БОЈАЏИЕВ од Скопје, ул.Стрезово бр.14.**

Собирот на содружниците одлучува за употреба на добивката според годишните сметки.

Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

- добивката спрема билансот на успех;
- износот кој треба да им се даде на содружниците;
- износите кои треба да се внесат во статутарните резерви на друштвото;
- евентуален принос на добивката во наредната година и
- дополнителни издатоци врз основа на одлуката

**член 16.**

Друштвото има општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката.

Оваа резерва се пресметува и издвојува во процент кој не може да биде помал од 15% од добивката, се додека резервите не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Се дотогаш резервата може да се употребува за покривање на загубите.

**член 17.**

По одобрување на годишните сметки и утврдување на постоењето на добивката на распределба, содружниците го определуваат делот кој им се доделува во форма на дивиденда.

Дивидентата се исплатува најдоцна во рок од 9 месеци по завршувањето на деловната година.

## ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

### Собир на содружници

**член 18.**

Собирот на содружници го сочинуваат сите содружници.

Собирот на содружниците се свикува најмалку еднаш годишно.

**член 19.**

Собирот на содружници ги врши следните работи:

- ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на Друштвото во предходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и покривање на загубите;
- ги избира и ги отовикува управителот, односно другите управители, ако друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот друштвото и управителот;
- ги избира и отповикува членовите на надзорниот одбор, односно избира и отповикува контролор, ако друштвото има орган на надзор;
- одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;
- донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штета што ја претрпело друштвото во врска со неговото основање и управување спрема управителот, членовите на надзорниот одбор или контролорот (ако друштвото има орган на надзор) и одлучува за назначувањето записник за водење на споровите, ако друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на надзорниот одбор;
- одобрува склучување договори за набавка што е поголема од 1/5 (еднапеттина) од основната главнина;
- одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови за работење на друштвото и
- одлучува за измена на договорот на друштвото.

**член 20.**

Собирот на содружниците го свикува управителот.

Собирот на содружниците може да го свика и надзорниот одбор, односно контролорот.

Собирот на содружници се свикува во писмена форма.

Собирот на содружници мора да биде свикан без одлагање кога тоа во писмена форма, со наведување на причините ќе го побараат еден или повеќе содружници чии што влогови заедно изнесуваат најмалку една десеттина од основната главнина.

Ако во рок од 15 дена од денот на доставување на барањето не се свика собир на содружници, подносителите на барањето можат сами да го

свикаат собирот на содружниците при што го утврдуваат и дневниот ред на собирот.

Ако по барање на еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку 51% од основната главнина, управителот, односно надзорниот одбор не свика собир на содружниците во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, содружниците можат да поднесат предлог за свикување на собирот до судот.

Собирот на содружници се свикува со писмена покана, односно со друго известување по писмен пат што се доставува со препорачано писмо, со друга брза пошта или на друг погоден начин со доказ за прием до секој содружник најмалку осум дена пред одржување на собирот во кој се наведува и дневниот ред.

Секој содружник има право да бара некое прашање дополнително да се внесе во дневниот ред на собирот, и за истото треба да ги информира по писмен пат сите содружници најмалку 3 (Три) дена пред одржување на собирот.

**член 21.**

Кога содружникот го остварува правото на глас преку друг содружник или друго лице тој мора да му издаде полномошно на тоа лице.

Полномошното се издава во писмена форма и се заверува на нотар.

**член 22.**

Собирот на содружниците може да работи и одлучува, ако се присутни содружниците кои имаат мнозинство од гласовите.

**член 23.**

Секој содужник има право да учествува во работата на собирот и да располага со гласови сразмерно на својот удел во друштвото.

Секој износ од основниот влог што одговара на вредноста од 100 ЕВРА според средниот курс на НБМ на денот на склучување на договорот на друштвото, односно на измената на основниот влог, дава еден глас, при што деловите под 100 ЕВРА изразени во денари не се земаат во предвид.

**член 24.**

За одлуките на собирот на содружници управителот води книга на Одлуки.

**Управител на друштвото**
**член 25**

Со друштвото управува управител.

За управител може да биде именувано и лице кое не е содружник.

За именување на управител одлучува собирот на содружници.

**За управител со неограничени овластувања се именува лицето МАРЈАН БОЈАЏИЕВ од Скопје, ул.Стрезово бр.14, со ЕМБГ 1806967450004 и лк.бр.1391625 издадена од ГУВР Скопје.**

**член 26.**

Управителот ги врши особено следните работи:

- ги води работите на друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на друштвото;
- ја предлага деловната политика;
- го предлага планот и програмата за работа на друштвото;
- презема мерки за спроведување на деловната политика, планот и програмата;
- да ги извршува одлуките на собирот на содружници;
- да предлага организација на работа на друштвото;
- да распоредува работници на одделни работи и работни задачи;
- ги подготвува одлуките за кои треба да се изјасни собирот на содружниците;
- да подготвува извештај за управување со друштвото;
- ја подготвува годишната сметка и му ја поднесува на собирот на содружниците;
- се грижи за уредно и во согласност со законот и други прописи, водење на трговски книги;

**член 27.**

Управителот е овластен да го застапува и претставува друштвото во односите со трети лица.

**член 28.**

Без согласност на собирот на содружници управителот не може:

- за своја или туѓа сметка да врши работи што спаѓаат во предмет на работење на друштвото;
- да биде содружник со неограничена одговорност во друго друштво кое има ист или сличен предмет на работење на друштвото;
- да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво кое што има ист или сличен предмет на работење како и друштвото
- во просториите на друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

Ако управителот постапи спротивно на став 1 на овај член, друштвото може :

- да бара надомест на штета;
- да бара управителот на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде корист која потекнува од правната работата.

**член 29.**

Управителот одговара лично и солидарно спрема друштвото и спрема трети лица за работење спротивно на одредбите на законот и другите прописи, за непочитување на договорот, како и за грешките кои ги направил во управувањето со друштвото.

**член 30.**

Управителот може да биде отповикан со одлука на содружниците,чии гласови го сочинуваат мнозинството

Управителот може да поднесе оставка во секое време со писмено известување до сите содружници.

## ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**член 31.**

Друштвото престанува со:

- одлука на содружниците;
- присоединување на друштвото кон друго друштво, спојување со друго друштво, односно со поделба;
- спроведување на стечај на друштвото;
- одлука на регистарскиот суд;
- во други случаи определени со закон.

**член 32.**

Одлуката за престанок на друштвото ја донесуваат содружниците со тричетвртинско мнозинство.

## ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

**член 33.**

Овој договор стапува на сила со денот на потпишувањето.

**С О Д Р У Ж Н И Ц И :**

**Марина Новичиќ** **Марјан Бојаџиев**

**ПРОТЕКТ М ДООЕЛ Скопје**
**Управител:**

**Едмонд Крлиу** **Владимир Илиев**